МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО
Адреса: ул. 1737 бр.32 1/2
1000 Скопје
www.msp.org.mk contact@msp.org.mk

Согласно член 16 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија, бр. 52/2010, 135/11 и 55/2016), членовите на Извршниот одбор МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје, на ден 5.02.2020 година, ја донесе следнава

# П Р О Г Р А М А   З А   Р А Б О Т А

на МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

за 2020 година

На почетокот на месец февруари 2020 година Македонското пенолошко друштво стана дел од Правничката истражувачка мрежа – ПИМ во којашто учествуваат четири граѓански организации: Македонското пенолошко друштво, Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Советот за превентива против малолетничката деликвенција и Здружението за правно образование и унапредување на правната наука и практика – Мој Правен Советник. Правничката истражувачка мрежа – ПИМ ќе биде посветена на изготвување анализи, истражувања и студии со примарен фокус врз владеењето на правото, во контекст на правните реформи и правната пракса, промовирање на принципот за пристап до правда за сите без дискриминација, преку едукација и вмрежување, а во духот на стандардите на Европската Унија и меѓународните стандарди.

Во текот на 2020 – 2021 година, активностите на Македонското пенолошко друштво ќе бидат насочени пред сè кон спроведување активности за анализа и сузбивање на детското престапништво во Република Северна Македонија.

За постигнатите резултати МПД редовно ќе објавува новости на својата веб страна и на заедничката веб страна на ПИМ www.pim.mk.

Д-р Елена Мујоска Трпевска
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје**